БРОЈ 01

# ЗЕФИРОС

## ПРОЕКТЕН БИЛТЕН

Interreg - IPA CBC

EUROPEAN UNION

CCI 2014 TC 16 I5CB 009

ZEFFIROS



## ЕНЕРГЕТСКО-ЕФИКАСНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАЕДНИЦИ СО НУЛА - ОТПАД ВО ПРЕКУГРАНИЧНИОТ РЕГИОН РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА - РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Проектни Партнери

MUNICIPALITY OF SERRES

ARISTOTLE UNIVERSITY OF THESSALONIKI

SLAUGHTERHOUSE MUNICIPALITY OF STRYMONA O.L.G. S.A.

MUNICIPALITY OF DOJRAN

MUNICIPAL PRIMARY SCHOOL "KOCO RACIN" DOJRAN

Дознај повеќе на:

www.zeffirosproject.eu

## ВО ОВОЈ БРОЈ


Стр.2
Претварање на био-отпад во гориво.
Зефирос: Идентитет на нашиот проект

Стр.3
Втор проектен состанок во Дојран

Стр.4
Ширење на зборот за ЗЕФИРОС


Ставовите изразени во оваа публикација не ги одразуваат гледиштата и ставовите на Европската Унија, земјите учеснички и Управниот Орган на Програмата

Проектот е ко-финансиран од Европската Унија и националните фондови на земјите учеснички



## ЗЕФИРОС: ИДЕНТИТЕТ НА НАШИОТ ПРОЕКТ

Проектот Зефирос има за цел да ја **имплементира првата, уникатна, пилот-инсаталција за производство на биогас енергија во два града, Серес и Дојран**, дизајнирана и управувана преку меѓуопштинска соработка и прекугранична размена на знаења и добри практики.

Именуван по Зефиро, Бог на западниот ветер, односно Бог на пролетта, **проектот има за цел да донесе трансформација во регионот кон земјоделство со нула-отпад и развој на кружна економија, што ќе води до рурален развој и создавање на работни места.**

Зефирос се капитализира од 4 - годишна инвестиција од страна на водечкиот партнер, **општина Серес**, која веќе доби официјално одобрение засновано на проценката на влијанието врз животната средина, за инсталирање на биоелектрана за анаеробна дигестија, со номинална моќност од 250kW на сточната фарма Елаионисас (ЕЛФ).

**Зефирос ќе ги прикаже следниве ефективни решенија на постоечките проблеми** во прекуграничната област:

- Незаконско отстранување на отпадот од земјоделство и сточарство и неискористување на нуспроизводите
- Злоупотреба на хемски ѓубрива со влијанија врз безбедноста на храната и водата

## ПРЕТВАРАЊЕ НА БИО ОТПАДОТ ВО НАШЕ ГОРИВО

Преку Проектот Зефирос ќе се создадат услови за:

- Имплементирање на две пилот биогасни инсталации во прекуграничниот регион (една од 40kW во Серес, Грција и една од 10кW во Дојран, Република Северна Македонија) за проучување на протокот и продуктивноста на работата со различен био отпад (на пр. расипани компири, отпад од кланица, ѓубриво, млечен отпад, и тн.)
- Решавање на проблемите со потрошувачката на енергија или намалување на трошоците за снабдување со енергија, за поддршка на руралниот развој (на пр. Пумпање на вода за одалечени рурални области, електрична енерија и затоплување на општинските згради)
- Развивање на целосен деловен синџир на вредност и оперативен модел за секоја пилот единица да продолжи со работа по завршување на проектот.
- Обучување на земјоделци, сточари и други професионалци за преработка на храна да ги искористат придобивките од кружната економија.





- Висока цена за отстранување на био отпадот што ја загрозува деловната одржливост (пр. Општинска кланица)
- Негативни влијанија врз финансиската одржливост и одржливоста на животната средина поради зависноста од фосилни горива

- Водич за сертификација за промоција на употреба на нуспроизведен компост како ѓубриво.
- Подигање на свеста на граѓаните и нивниот став со воведување канти за компостирање, промовирање на производство на компост во урбаните и приградските области.





## ВТОР СОСТАНОК ВО ДОЈРАН

Вториот состанок се одржа во Дојран на 4-ти Октомври 2019 година, во хотелот „Ла Тераса“ во Стар Дојран. Домаќин на состанокот беше Градоначалникот на општина Дојран, Г-дин Анго Ангов.

На состанокот присуствуваа 27 учесници од двете држави, претставници на корисниците на проектот и експерти, како и претставници на Управниот орган на Европските програми за територијална соработка - Г-дин Димитриос Герцос и Г-дин Јоргос Папапостолу.

За време на состанокот, учесниците разговараа за напредокот на работниот план и го образложија работниот план за наредниот период. Техничките тимови од секој корисник на проектот ги анализираа спецификациите и барањата за двете пилот биогасни единици во Серес и Дојран и разменија информации и технички детали во врска со нивното спроведување.

Претставници од Универзитетот „Аристотел” од Солун ги презентираа материјалите за брендирање и комуникација на проектот и предложија оперативна агенда за подобрување на дисеминацијата на проектот во прекуграничниот период.

# Изградба на кружна економија базирана на биолошки отпад во прекуграничната област меѓу Грција и Р.С.Македонија








# ШИРЕЊЕ НА ЗБОРОТ ЗА ЗЕФИРОС




## Зефирос на 12-тата Меѓународна конференција на ЕФИТА

Д-р. Харисос Ахилас, истражувач од Универзитетот „Аристотел" од Солун, учествуваше на 12-тата Меѓународна конференција на ЕФИТА и ја претстави презентацијата под наслов ,,Правна и рамковна анализа на политиките за управување со био отпадот за промоција на кружната економија'' во контекст на дисеминација на активностите на ЗЕФИРОС.

На настанот присуствуваа 165 лица, каде што беа информирани за целите на прокетот, техничките студии и пилот активностите што се подготвуваат. Меѓу учесниците, 35 фармери, 30 студенти и наставници и 100 претставници од центрите за истражување и обука, беа запознаени со проектот ЗЕФИРОС и пројавијан интерес за нашите активности насочени кон експлатација на био отпадот за одржлив развој во регионот.

Конференцијата им овозможи на учесниците од над 25 земји ширум светот да ги споделат знаењата и размислувањата за иднината на ICT-технологиите во агро-прехрамбените и био-ресурсните сектори.

## 10-тата редовна седница на Делегацијата на Техничката Комора на Грција - Dpt. CM

На 11-ти Јуни 2019 година, Г-дин Христос Палас, Директор на Секторот за технички услуги на Општина Серес, учествуваше на 10-тиот состанок на Делегација на Техничка Комора на Грција - Dpt. CM и ги претстави активностите на општината во однос на енергетскиот сектор. Г-дин Христос Палас ја имаше можноста да го презентира проектот ЗЕФИРОС, фокусирајќи се на неговите цели, очекуваните резултати, аутпути итн.

На настанот учествуваа приближно 30 учесници, вклучувајќи и членови на Делегација на Техничка Комора на Грција - Dpt. CM, градежни инженери, архитекти, претставници на локалните власти и Регионалната единица на Серес, и тн.